# Од 1. јули 2007, во сите простории на овластените објекти пушењето ќе биде забрането

## Зошто?

Изложеноста на пасивен чад од пушење значително ја зголемува опасноста од добивање рак на белите дробови и болести на срцето. Забраната на пушењето ќе ги заштити вработените и клиентите од опасноста од пасивниот чад и ќе им помогне на многу луѓе да се откажат од пушење.

## Што се подразбира под ‘овластени простории’?

Овластени простории се сите оние кои имаат дозвола за служење на алкохол на посетителите, на пример пабови, клубови или барови. Пушењето внатре е забрането на работните места уште од март 2006.

## Дали луѓето ќе смеат да пушат надвор?

Пушењето ќе биде дозволено надвор и во надворешни простории за ручавање или пиење кои задоволуваат одредени услови. Ако надворешна просторија за ручавање или пиење има кров и е заградена со повеќе од 75% ѕидови, нема да смее да се пуши.

## Како ќе знам каде е забрането пушењето?

Ќе бидат истакнати знаци за забрането пушење за луѓето да знаат каде е забрането пушењето.

## Што ќе се случи ако некој пуши внатре во овластени простории?

Лицето кое пуши како и лицето кое ги раководи просториите ќе бидат одговорни и казнети со $107.43 (казната се зголемува секоја година според инфлацијата).

## Каде ќе можам да се жалам ако видам дека некој пуши во овластени простории после 1. јули 2007?

Прекршувањето на законот за забрана на пушењето ќе може да се пријави на 1300 136775.

## Повеќе информации

Појдете на интернет www.health.vic.gov.au/tobaccoreforms

Department of Human Services

Victoria
The Place To Be